Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата

# ГОДИШНА ПЛАН ЗА РАБОТА

# НА СЕКТОРОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 2024 ГОДИНА

**Дел. Бр.** 16 - 7204/1 **Зоранчо Стојанов**

[име и презиме]

**Датум:** 13.11.2023 **Главен инспектор**

[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

**Место:** **(м.п.)**

[потпис]

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата

# 1 Резиме

Годишниот план на Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата за 2024 година ќе се остварува преку месечни планови за секој инспектор поединечно. При утврдување на содржината на Годишниот план за работа на Секторот за 2024 година, се поаѓа од надлежностите и организацијата на Секторот утврдени со закон и стратешкиот план на Министерството за труд и социјална политика, земајќи ги предвид приоритетите на Министерството за труд и социјална политика и Владата на Република Северна Македонија.

Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата врши инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи во областа на социјалната заштита над установите за социјална заштита, другите правни и физички лица кои вршат одредени работи од социјална заштита како професионална дејност над примената на законските и другите прописи од областа на заштитата на децата.

**Анализа на ризици** - Идентификацијата на ризиците во надлежност на инспекциската служба како и мерењето на степенот на ризиците е направено во согласност со донесената методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорот над субјектите на инспекцискиот надзор. Општиот степен на ризик кој е производ на тежината на последиците од ризикот и веројатноста за настанување на штетни последици е главниот критериум и алатка за планирање на инспекциските надзори.

**Организација и раководење на службата** – Инспекциската служба е организирана како организациона единица во Министерството за труд и социјална политика како „Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата„. Со секторот раководи Главен Инспектор, а одделенијата ги раководат три Виши инспектори. Во Секторот се организирани три одделенија кои вршат инспекциски надзор и тоа: Одделение за инспекциски надзор над остварување на права од социјална заштита и други парични надоместоци, Одделение за инспекциски надзор над остварување и давање на услуги од социјална заштита и Одделение за инспекциски надзор на дејноста заштита на децата.

**Инспекциски надзор** – Обемот и зачестеноста на инспекциските надзори е претставен во предвидената табела за планирани инспекциски надзори во текот на годината. Планот и проекцијата за инспекциските надзори е донесен врз база на Методологијата за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори земајќи ги во предвид предходно извршените инспекциски надзори.
**Обука на инспекторите и административните службеници** - инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во текот на година ќе реализираат обуки согласно Годишната програма за генерички обуки на административни службеници и Годишната програма за генерички обуки за инспекторите.

**Буџет и финансирање** – Како организациона единица во состав на Министерството за труд и социјална политика, Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата нема посебен систем на управување со финансиските прашања и останати буџетски ресурси и финансирањето на инспекциската служба е инкорпорирано во единствениот буџет на министерството. Управувањето го врши Секторот за финансиски прашања, сметководство и буџет. И покрај тоа, инспекциската служба во соработка со Секторот за буџет и финансии при Министерството за труд и социјална политика, ги детерминира, предвиде и раздвои поголемиот дел од буџетските ставки на расходи предвидени за инспекциската служба.

## 2.Анализа на ризици

Идентификацијата на ризиците во надлежност на инспекциската служба како и мерењето на степенот на ризиците е направено во согласност со донесената методологија за проценка на ризик при планирање на инспекциски надзори број 16-7015/1 од 27.10.2021 година ( во понатамошниот текст Методологијата) со цел ефективно и рационално планирање на обемот и зачестеноста на надзорите над субјектите на инспекцискиот надзор.

Анализата подразбира идентификација на видот на ризиците кои се појавуваат кај секој посебен вид на субјект под надзор, кој ќе зависи од самата природа на дејноста и активностите на субјектот.

Степенот на ризик и ризичните подрачја во Годишниот план за работа се дефинирани врз основа на соодветната Методологија, односно досегашните инспекциски надзори и добиените сознанија за недоследната примена на

прописите од страна на субјектите на надзор, имајќи ја во предвид веројатноста на настанување на штетни последици, како и нивната тежина што може да настане од тоа, особено поради промените во законските прописи со кои се регулира оваа област. При утврдувањето на областите на инспектирање се зема во предвид и досегашната работа на субјектите на инспекциски надзор, како и нивното постапување по изречените инспекциски мерки, а исто така и видот и обемот на правото и услугата од социјална заштита и заштитата на децата, за да не се загрози заштитата и сигурноста на граѓаните кои се нашле во состојба на социјален ризик или во потреба од услуга од надлежноста на оваа област.

Општиот степен на ризик кој е производ на тежината на последиците од ризикот и веројатноста за настанување на штетни последици е главниот критериум и алатка за планирање на инспекциските надзори. Согласно Методологијата почитувано е правилото на вреднување на степенот на ризик и приоритетот за вршење на инспекциски надзор е даден на утврдениот висок степен на ризик кај субјектите на инспекцискиот надзор.

Степенот на ризик се утврдува врз основа на матрицата на ризици 3х3, на чија хоризонтална оска се нанесуваат вредностите за степенот на тежината на штетните последици, а на вертикалната оска се нанесуваат вредностите за степенот на веројатноста за случување на штетните последици.

Фреквенцијата на инспекциските надзори и ангажираните ресурси ќе бидат пропорционални со нивото на ризик и активностите на надзорот ќе бидат насочени кон намалување на реалниот ризик наметнат со неправилностите во работата кај субјектите на инспекциски надзор.

Ризичните области кои ќе бидат предмет на инспекциски надзор во рамки на Годишниот план за работа се од областа на институнационална и вонинституционална заштита на лицата изложени на социјален ризик, на семејно правните прописи (старателство и посвојување), во постапките за правда за децата, како и од областа на материјалната и социјалната сигурност на лицата изложени на социјален ризик.

За секој вид на субјект се определуваат области на ризик и за секоја област се утврдуваат критериуми според кои ќе се мери ризикот. За секој критериум се дефинираат прецизни индикатори според кои ќе се мери проценетата вредност на ризикот.

## 3. Организација и раководење на службата

Република Северна Македонија
**Министерство за труд**
**и социјална политика**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата

Инспекциската служба е организирана како организациона единица – Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во Министерството за труд и социјална политика. Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата е организиран :

Главен инспектор–1

Виши инспектори –3

Во секторот се организирани три одделенија кои вршат инспекциски надзор и тоа:

- Одделение за инспекциски надзор над остварување на права од социјална заштита и други парични надоместоци со 8 (осум) вработени инспектори од кои двајца во Скопје, двајца во Куманово, а по еден инспектор во Битола, Штип, Велес , Гевгелија и Струмица.
- Одделение за инспекциски надзор над остварување и давање на услуги од социјална заштита со 7 (седум) вработени инспектори од кои 4 (четири) во Скопје, по еден во Куманово, Гостивар и Кичево.
- Одделение за инспекциски надзор на дејноста заштита на децата со 2 (два) инспектори.

Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| **Вид** | **Инспектор за социјална заштита** | | | | | | **Инспектор за детска заштита** | | | | | | **Вкупно инспектори** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** | **<30 г.** | **31-40 г.** | **41-50 г.** | **51-60 г.** | **>60 г.** | **Вкупно** |
| **Б1 – генерален инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Б2 – главен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | | | | | 1 | **1** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | **1** |
| **Б3 – пом. главен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **Б4 – виш инспектор** | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | **2** | | | | 1 | | **1** | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | **3** |
| **В1 – советник инспектор** | 0 | 3 | 4 | 5 | 2 | **14** | | | 1 | 1 | | **2** | 0 | 3 | 5 | 6 | 2 | **16** |
| **В2 – самостоен инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **В3 – помошник инспектор** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** | | | | | | **0** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | **0** |
| **В4 – помлад инспектор** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** | | | | | | **0** | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | **1** |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 0 | 5 | 5 | 5 | 2 | 17 | 0 | 0 | 1 | 2 | 1 | 4 | 0 | 5 | 6 | 7 | 3 | 21 |

*Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори*

| Вид | Инспектор за социјална заштита | | | Инспектор за детска заштита | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| Б2 – главен инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| Б3 – пом. глав. инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| Б4 – виш инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| В1 – советник инспектор | 2 | 0 | **2** | 0 | 0 | **0** | 2 | 0 | **2** |
| В2 – самостоен инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| В3 – помошник инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| В4 – помлад инспектор | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** | 0 | 0 | **0** |
| Вкупно | **2** | **0** | **2** | **0** | **0** | **0** | **2** | **0** | **2** |

## 4. Инспекциски надзор

Имајќи ја во предвид Методологијата за секој вид на субјект на инспекциски надзор се определуваат области на ризик и за секоја област се утврдуваат критериуми според кои ќе се мери ризикот. За секој критериум се дефинираат прецизни индикатори според кои ќе се мери проценетата вредност на ризикот, а со тоа и зачестеноста на инспекцискиот надзор кај субјектот на надзорот.

Конкретно индикаторите добиени во досега извршените инспекциски надзори (во текот на 2022 и 2023 година) во субјектите на надзор и констатираните недостатоци и неправилности во нивното постапување во примената на законските и други прописи во областа на социјалната заштита и

заштитата на децата, како и дефинираните ризични подрачја во оваа област, планиран е бројот на инспекциските надзори и очекуваните неправилности кои ќе бидат констатирани во предвидените инспекциски надзори.

При планирањето на инспекциските надзори се зема во предвид и промената на законските прописи во оваа област со цел да се обезбеди нивна доследна примена. Како и новите надлежности на инспекциската служба предвидени во нови Законски решенија.

Исто така во предвидените и очекуваните инспекциски надзори се зема во предвид бројот на поднесени иницијативи од граѓаните, надлежен орган, други органи и организации и други правни лица , кога постои интерес на граѓанинот, или општ интерес, поднесени за работењето на одредени субјекти на надзор, во изминатиот период, односно во предходнта година .

Инспекцискиот надзор во центрите за социјална работа, установите за социјална заштита, правните лица како лиценцирани даватели на социјални услуги и установите за децата од предучилишна возраст во овој период ќе ги опфати следните подрачја:

-права на парична помош (гарантирана минимална помош, надоместок за плата за скратено работно време, право на детски додаток, право на посебен додаток, еднократна помош за новороденче и додатокот за образование)

- старателство
- сместување во установи за стари лица
- згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст
- услуги во вонсемејна заштита и

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според вид во 2024 година, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **9** | **22** | **16** | **47** | **28** |
| 1 | **Велес** | 5 | 10 | 8 | **23** | **13** |
| 2 | **Градско** | | | | **0** | |
| 3 | **Демир Капија** | | | | **0** | |
| 4 | **Кавадарци** | 1 | 6 | 3 | **10** | **5** |
| 5 | **Лозово** | | | | **0** | |
| 6 | **Неготино** | 3 | 4 | 4 | **11** | **9** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Росоман | | | | 0 | |
| 8 | Свети Николе | | 2 | 1 | 3 | 1 |
| 9 | Чашка | | | | 0 | |
| | Источен регион | 13 | 26 | 18 | 57 | 44 |
| 10 | Берово | 3 | 2 | 3 | 8 | 6 |
| 11 | Виница | | 2 | 1 | 3 | 2 |
| 12 | Делчево | 5 | 4 | 3 | 12 | 14 |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | |
| 14 | Карбинци | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| 15 | Кочани | 2 | 5 | 3 | 10 | 7 |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | |
| 17 | Пехчево | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| 18 | Пробиштип | | 2 | | 2 | 1 |
| 19 | Чешиново | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| 20 | Штип | | 11 | 5 | 16 | 8 |
| | Југозападен регион | 11 | 27 | 17 | 55 | 40 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | |
| 22 | Дебар | 1 | 4 | 2 | 7 | 4 |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | |
| 24 | Кичево | 2 | 6 | 3 | 11 | 8 |
| 25 | Македонски Брод | 1 | 1 | 1 | 3 | 4 |
| 26 | Охрид | 3 | 9 | 6 | 18 | 12 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | |
| 28 | Струга | 4 | 7 | 5 | 16 | 12 |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | |
| | Југоисточен регион | 19 | 22 | 19 | 60 | 49 |
| 30 | Богданци | | 1 | 1 | 2 | 2 |
| 31 | Босилово | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| 32 | Валандово | 1 | 3 | 3 | 7 | 8 |
| 33 | Василево | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| 34 | Гевгелија | 8 | 5 | 5 | 18 | 14 |
| 35 | Дојран | | | | 0 | |
| 36 | Конче | | | | 0 | |
| 37 | Ново Село | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| 38 | Радовиш | 4 | 2 | 3 | 9 | 11 |
| 39 | Струмица | 3 | 11 | 4 | 18 | 8 |
| | Пелагониски регион | 21 | 23 | 16 | 60 | 52 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Битола | 8 | 11 | 7 | 26 | 21 |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | |
| 42 | Долнени | | | | 0 | |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | |
| 44 | Крушево | 2 | | 1 | 3 | 5 |
| 45 | Могила | | | | 0 | |
| 46 | Новаци | 1 | | | 1 | 2 |
| 47 | Прилеп | 8 | 9 | 6 | 23 | 19 |
| 48 | Ресен | 2 | 3 | 2 | 7 | 5 |
| | **Полошки регион** | **8** | **23** | **15** | **46** | **43** |
| 49 | Боговиње | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| 50 | Бревеница | | | | 0 | |
| 51 | Врапчиште | 1 | | 1 | 2 | 2 |
| 52 | Гостивар | 3 | 8 | 6 | 17 | 18 |
| 53 | Желино | | | | 0 | |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | |
| 56 | Теарце | | | | 0 | |
| 57 | Тетово | 3 | 15 | 7 | 25 | 21 |
| | **Североисточен регион** | **1** | **8** | **5** | **14** | **13** |
| 58 | Кратово | | 1 | 1 | 2 | 2 |
| 59 | Крива Паланка | | 2 | 1 | 3 | 2 |
| 60 | Куманово | 1 | 5 | 3 | 9 | 9 |
| 61 | Липково | | | | 0 | |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | |
| | **Скопски регион** | **28** | **120** | **65** | **213** | **151** |
| 64 | Аеродром | 2 | 6 | 4 | 12 | 8 |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | |
| 66 | Бутел | 4 | 5 | 5 | 14 | 12 |
| 67 | Гази Баба | 1 | 14 | 8 | 23 | 18 |
| 68 | Ѓорче Петров | 3 | 6 | 3 | 12 | 7 |
| 69 | Зелениково | | 1 | 1 | 2 | 2 |
| 70 | Илинден | 1 | | 1 | 2 | 3 |
| 71 | Карпош | 2 | 15 | 7 | 24 | 14 |
| 72 | Кисела Вода | 2 | 14 | 7 | 23 | 14 |
| 73 | Петровец | | | | 0 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 74 | Сарај | | | | 0 | |
| 75 | Сопиште | 3 | 6 | 5 | 14 | 10 |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | |
| 77 | Центар | 7 | 24 | 15 | 46 | 34 |
| 78 | Чаир | 1 | 18 | 6 | 25 | 18 |
| 79 | Чучер-Сандево | 1 | | | 1 | 2 |
| 80 | Шуто Оризари | 1 | 11 | 3 | 15 | 9 |
| ВКУПНО | | 110 | 271 | 171 | 552 | 420 |

Од табелата се гледа дека во текот на планираниот период се проектирани 110 редовни инспекциски надзори, 271 очекувани вонредни инспекциски надзори, 171 контролни инспекциски надзори и вкупно 552 инспекциски надзори по однос на трите вида на надзор во текот на 2024 година.

Во текот на наредната година во вкупниот број на трите вида на инспекциски надзор очекувани се вкупно 420 констатирани неправилности. По однос на констатираните неправилности статистички е проектирано дека во секој инспекциски надзор очекувано е да се констатира 0.76 неправилности.

За ваквиот број на контролни инспекциски надзори треба да се има во предвид дека во еден инспекциски надзор можно е да се констатираат по повеќе неправилности, односно да се изрекуваат неколку инспекциски мерки со еден инспекциски акт за отстранување на констатираните неправилности. Тоа значи дека со еден контролен инспекциски надзор се контролираат повеќе предходно изречени инспекциски мерки со еден инспекциски акт.

Редовните инспекциски надзори се базирани на основните принципи на методологијата на проценката на ризици, а обемот е согласно капацитетот и ресурсите на инспекциската служба

## 5. Обука на инспекторите и административните службеници

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштитата на децата во текот на година ќе реализираат обуки согласно годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2024

донесена на 15.06.2023 под број 02-633/1 од страна на Инспекцискиот совет и Годишната програма за специјализирани обуки за инспекторите.

Преку годишниот план за стручно усовршување и обука на секој инспектор за 2024 година точно ќе бидат прецизирани темите, видот и динамиката на обуките во текот на годината како што е прикажано во табелата.

Реализацијата на обуките ќе овозможи инспекторите да се стекнат со нови и современи знаења и вештини и надградување на основните компетенции, а ќе помогнат во нивниот професионален развој, квалитетно и ефикасно спроведување на работните цели и задачи.

**Табела за видот, темата и времето на одржување на обуките на инспекторите од инспекциската служба.**

| Бр. | Теми од годишната програма за генерички обуки на инспекторите за 2024 година | Број на часови | Број на инспектор и кои ќе ја посетат обуката | Време на обуката | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | училница | LMS/on-line |
| 1.1 | Начела и организација, права, обврски и овластувања на инспекторите (Закон за инспекциски надзор) | 6 | 13 | 9-та седмица | Јан/Дек |
| 1.3 | Начела и организација, постапки, одговорност и санкции (Закон за прекршоци | 6 | 9 | 16-та седмица | Јан/Дек |
| 1.4 | Постапување по претставки и предлози, прекршочни одредби (Закон за постапување по предлози и претставки) | 6 | 6 | 21-ва седмица | Јан/Дек |
| 1.7 | Компјутерска обработка и табеларни пресметки | 6 | 14 | 39-та седмица | Јан/Дек |
| 1.10 | Комуникација | 6 | 7 | 45-та седмица | Јан/Дек |
| 1.15 | Информатички систем за спроведување на инспекциски надзор, Е-Инспектор | 6 | 22 | 11-12 - та седмица | Јан/Дек |
| | | | | | |
| Теми од годишната програма за специјализирани обуки на инспекторите за 2024 | | | | | |
| 1.1 | Семејно законодавство | 6 | 16 | Март | Јан/Дек |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.2 | Правда за децата | 6 | 14 | Март | Јан/Дек |
| 1.3 | Социјална заштита | 6 | 9 | Април | Јан/Дек |
| 2.1 | Гарантирана минимална помош | 6 | 12 | Април | Јан/Дек |
| 3.1 | Образовен додаток | 6 | 12 | Мај | Јан/Дек |
| 4.1 | Ран детски развој | 6 | 11 | Мај | Јан/Дек |

## 6. Буџет и финансирање

Како организациона единица во состав на Министерството за труд и социјална политика, Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата нема посебен систем на управување со финансиските прашања и останати буџетски ресурси и финансирањето на инспекциската служба е инкорпорирано во единствениот буџет на министерството. Управувањето го врши Секторот за финансиски прашања, сметководство и буџет. И покрај тоа, инспекциската служба во соработка со Секторот за буџет и финансии при Министерството за труд и социјална политика, ги детерминира и раздвои поголемиот дел од буџетските ставки на расходи предвидени за инспекциската служба.

Основни расходни ставки потребни во работењето и функционирањето на инспкекциската служба се следните:

1. Плати и придонеси на плата во бруто износ
2. Патни и дневни трошоци на инспекторите

3. Осигурување на инспекторите според Закон
4. Гориво и одржување на возилата кои ги користи инспекциската служба

## Проектиран буџет за инспекциската служба при МТСП по однос на наведените ставки за 2024 година

| Р.Б. | Ставка | Годишен износ | просечно - месечно |
|---|---|---|---|
| 1 | Плата и придонеси за плата | 16,239,669,00 | 1,353,305,00 |
| 2 | Патни трошоци | 507,600,00 | 42,300,00 |
| 3 | Осигурување за инспекторите | 37,800,00 | 3,150.00 |
| 4 | Гориво и сервисирање на возила | 390,500,00 | 32,500,00 |
| | | | |

Како најголем расход за потребите на инспекциската служба се јавува ставката за Бруто плата на инспекторите, која за планираниот период ќе изнесува 16,239,669,00 денари или во просек 1,353,305,00 денари по месец во годината. Во ставката за плати и придонеси на плата е вкалкулиран и додатокот за инспектор.

Спецификата на инспекциската служба предизвикува патување и користење на превозни средства. Затоа е превидена ставка за Патни трошоци во која се предвидени трошоците за патување на инспекторите. Висината на оваа ставка како што е прикажана во табелата за планираниот период изнесува 507,600,00 денари, односно просечно 42,300,00 денари на месечно ниво за сите инспектори.

Инспекторите од инспекциската служба кои се со седиште во Скопје користат две возила во сопственост на Министерството за труд и социјална политика за кои е предвидена ставка за гориво и одржување на возилата. Висината на оваа ставка за планираниот период изнесува 390,500,00 денари. Потребно е да се напомене дека возилата се користат и од другите Сектори во Министерството за труд и социјална политика.

Ставката за осигурување на инспекторите согласно со член 52 од Законот за инспекциски надзор за извештајниот период е со висина од 37,800,00 денари за сите инспектори во инспекциската служба во текот на планираниот период.

# 7. Меѓународна соработка

Предлог за соработка со Министерството за труд, семејство, социјална заштита и еднакви можности на Република Словенија, како Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата при Министерството за труд и социјална политика, предложено е да се воспостави соработка со Инспекторатот за труд - Инспекциската служба за социјални работи во Република Словенија за размена на искуство за раководење и организирање на инспекциската работа, начин на вршење на инспекциски надзор и поставување на инспекциско-програмски задачи. Очекуван резултат од оваа соработка е да се добијат подетални сознанија и искуство за системски решенија и подготовка на материјали потребни за спроведување на инспекциските надзори, како и резултати од извршените инспекциски надзори.

# Други активности на инспекциската служба

Активностите на инспекциската служба ќе се реализираат врз изградена хиерархиска организија, дисциплина, транспаретност, а ќе се негуваат и надградуваат вредности на стручност, компететност и транспарентност, бескомпромисна борба против корупцијата.

На предлог на инспекциската служба во духот на антикорупциска борба и интегритетот на инспекторите Министерот донесе интерен акт „ Правила за постапување со подароци, погодности и гостопримвства во инспекциската служба„ под број 16-6377/1 од 28.09.2023 година

Во рамки на своите надлежности, Инспекциската служба ќе се залага за професионално, стручно, посветено и транспаретно работење во реализирањето на Годишниот план за работа.

Секторот за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштитата на децата ќе соработува со Инспекциски совет, Народен правобранител, ЈУ Завод за социјални дејности, Државниот инспекторат за труд, други инспекциски служби како и други надлежни органи (Агенција за вработување на Република Северна Македонија, Управа за јавни приходи, Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, Фонд на пензиското и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија и други).

Во однос на безбедноста и информациската и комуникациската технологија, системот за безбедност и комуникација содржи информации на податоци и документи, а внатрешната и надворешната комуникација на

инспекциската служба во целост е организирана од страна на Одделението за информатички технологии во Министерството.

Поради територијалната дисперзираност на инспекторите во Секторот и потребата од заедничка евиденција и документација инспекциската служба воспостави и користи единствен електронски систем за пристап до евиденцијата и документацијата од страна на сите инспектори, а со тоа се постигнува воедначена пракса на постапување на сите инспектори.

Во Инспекциската служба се донесени листи за проверка за секоја област на надлежност. Нивно ажурирање ќе се врши најмалку еднаш годишно, а и почесто зависно од промените во прописите и констатираната состојба во субјектите на надзор.